**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

| | |
|---|---|
| Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година | Предмет бр.: ИТ-04-82-Р77.1<br>Датум: 29. ноември 2007<br>Оригинал: англиски |

**ПРЕД СУДСКИОТ СОВЕТ II**

**Пред:** **Судија Кевин Паркер, Претседавач**
**Судија Крисѕине Ван Ден Вингаерт**
**Судија Кристер Телин**

**Секретар:** **г. Ханс Холтхуис**

**Датум на поднесување:** **29. ноември 2007**

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**ЉУБЕ КРСТЕВСКИ**

**ЈАВНО**

---

**НАЛОГ ЗА ПРИТВОР**

---

**Канцеларија на Обвинителот:**

г-ѓа Карла дел Понте

**Обвинет:**

Љубе Крстевски

**ОВОЈ СУДСКИ СОВЕТ,** на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот: Меѓународниот суд);

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** обвинението против Љубе Крстевски поднесено од Обвинителството и потврдено од судија Баконе Џастис Молото во доверливото решение од 30. октомври 2007;[1]

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека Обвинетиот беше префрлен во седиштето на Меѓународниот суд на 28. ноември 2007;

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** Налогот издаден на 29. ноември 2007 од страна на Претседателот на Судскиот совет II со кој му се доделува предметот против Љубе Крстевски на овој Судскиот совет;[2]

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** Налогот издаден од Судија Агиус на 29. ноември 2007 со кој се назначува судија Кристер Телин за судија на Судскиот совет II за првото појавување на Љубе Крстевски пред судот;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека според Налогот за определување на датуми на судењето издаден од судија Телин на 29. ноември 2007 со кој се одредува првото појавување на Љубе Крстевски за 14.15 часот на 29. ноември 2007;

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** Налогот издаден од Судија Агиус на 29. ноември 2007 со кој се наложува судскиот совет во предметот *Обвинителот против Љубе Крстевски* да биде составен од судија Кевин Паркер, Претседавач, судија Кристине Ван Ден Вингаерт и судија Кристер Телин;

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека на првото појавување Обвинителството поднесе усно барање за дозвола да го повлече обвинението против Љубе Крстевски;

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека за време на првото појавување на Обвинителството и на Бранителот на Љубе Крстевски им беше наложено да поднесат писмени поднесоци во врска

---

[1] *Обвинителот против Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски, Постапка за непочитување на судот против Љубе Крстевски*, Предмет бр. ИТ-04-82-Р77.1, Доверливо решение по преглед на Обвинението и Налог за необелоденување, 30. октомври 2007.

[2] *Обвинителот против Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски, Постапка за непочитување на судот против Љубе Крстевски*, Предмет бр. ИТ-04-82-Р77.1, Налог во врска со составот на Судскиот совет за целите на постапка за непочитување на судот, 29. ноември 2007.

со тоа едниот до 3 декември 2007, а другиод до 6 декември 2007, и дека Судскиот совет треба да донесе решение во врска со тоа;

**ВО СОГЛАСНОСТ СО** правило 64 од Правилникот за постапка и докази на Меѓународниот суд (понатаму во текстот: Правилник);

**СО ОВА НАЛОЖУВА** притвор за Обвинетиот и му наложува на управникот на Притворната единица на Обединетите нации во Хаг да го притвоти Обвинетиот до следниот налог.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

(своерачен потпис на оригиналот)

**Судија Кевин Паркер**

**Претседавач**

Датирано од 29. ноември 2007,

Во Хаг

Холандија

**[Печат на Меѓународниот суд]**